СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 19 април 1995 година

Скопје, април 1995 година

**17 ( СЕДУМНАЕСЕТА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 19.V. 1995 г**

Дискутанти: Дневен ред: стр. 5

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 8, 9, 15, 17, 23, 24, 26, 30, 36, 67, 84
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 19,22
3. АБДИ ФАИК - 42,45,50,52
4. ГОШЕВ ТУШЕ - 25,30
5. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 81
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 76 К
7. ИВАНОВ РИСТО - 13, 14, 17, 18, 21, 83, 24, 28, 34, 39, 41, 44, 51, 56, 57, 60, 69, 70, 72, 74.
8. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 10,12,29,
9. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 45

10 НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 65

11. НАСЕВ ПАНЧЕ - 53
12. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 54,56
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 65,91,96,1О5,1О8.
14. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 57
15. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 73
16. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 19,39
17. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 86,89
18. СИЛЈАНОВСКИ БЛАГОЈА - 72, 79
19. СИЛЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 9,47,49

2О. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 107

21 ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА -32

22. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 61, 66,69,71,73,77
23. ТАИРИ МЕВЉАН -18,48
24. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 107
25. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 108

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 19.04.1995 година

Седницата започна со работа во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници.

Ја отворам 17-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Марјан Котлар, Зоре Темелковски, Ванче Чифлиганец и Владимир Станковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 10-тата, 11, и 15 седница Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците.

(нема).

Констатирам дека записниците од 10, 11 и 15-та седница се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија побара да се одложат од оваа седница и да се разгледаат на наредната седница Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за материјално-обезбедување на учесниците во НОБ, Предлогот на законот за правата на воените инвалиди, на лицата прогонувани и затворани за идеите

на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци. Предлогот на законот за одржување, уредување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на Република Македонија.

Како што ви е познато Ставре Џиков поднесе оставка на функцијата член на Републичката (државна) изборна комисија. Рафаел Черепналковски поднесе оставка на функцијата заменик член на Републичката (Државна) изборна комисија. Димитар Лазаревски поднесе оставка на функцијата секретар на изборната комисија на изборната единица број 107 на подрачјето на општина Битола. Никола Котевски поднесе оставка на функцијата член на изборната комисија на изборната единица број 7. На подрачјето на општина Битола и Мила Камбовска поднесе оставка на функцијата претседател на изборната комисија на изборната единица број 107 на подрачјето на општина Кисела вода.

Констатирам дека на Ставре Џиков Рафаел Черепналковски, Димитар Лазаревски и Никола Котевски и Мила Камбовска со поднесување на оставката им престанува функцијата за изборните комисии.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлуки за изменување на одлуката за разрешување и именување претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката (Државна) изборна комисија и Предлог на одлука за изменување на одлуката за именување претседатели, секретари, членови и нивни заменици на изборните комисии на изборните единци за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (74)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Предлогот на комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата пред- лага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Кој е за овој предлог молам, да крене рака? (69)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за Деловнички и имунитетни прашања предлага во дневниот ред на оваа седница да се дополни со барање на Општински суд Скопје II за давање одобрение за водење на кривична постапка против Маринчевски Ристо судија на Окружниот стопански суд во Скопје.

Барање на општинскиот суд Титов Велес за давање одобрение за водење на кривична постапка против Драги Дилберов, судија на општинскиот суд Гевгелија.

Барање на Општинскиот суд во Битола за давање одобрение за водење кривична постапка против Трајче Бурневски, судија на Окружниот суд во Битола и барање на Општинскиот суд во Битола за водење на кривична постапка против Олга Бошевска судија на Окружниот суд во Битола.

Предлогот и барањата Ви се доставени.

Кој е за овој предлог молам, да крене рака? (4)

Констатирам дек предлогот на Комисијата не е усвоен.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлози на одлуки за давање согласност на Статутот] на јавни здравствени организации.

Предлозите на одлуките и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (69)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Ќенан Хасипи на седницата на Собранието одржана на 12 април 1995 година побара Владата на Република Македонија да подготви информација во врска со преземените активности на министерството за образование и физичка култура со Републичкиот инспектор за таа област во врска со отворањето на училиштата кои работат надвор од законската регулатива и предлага таа да биде разгледана на оваа седница.

Пратеникот Газменд Ајдарага го поддржа овој предлог. Барањето е доставено до Владата на Република Македонија. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Информацијата се уште не е изготвена.

**СТОЈАН. АНДОВ:**

Тогаш предлогот ќе го одложиме за некоја од наредните седници.

Според тоа за оваа седница го предлагам следниот дневен ред.

I/5.-

1. Предлог на закон за стандардизација.

2. Предлог на закон за контрола на предмети од скапоцени

3. Предлог на закон за мерни единици и мерила

4. Предлог на закон за трговија

5. Предлог на закон за угостителска и туристичка дејност

6. Предлог за донесување на таксата за привремен престој

7 . Предлог за разрешување на судија на општинскиот суд во Свети Николе.

8. Предлог на одлука за изменување на одлуката за разрешување и именување претседател, секретар, членови и заменици на Републичката државна изборна комисија

9. Предлог на одлука за изменување на одлуката за именување претседател, секретар и заменици и членови и нивни заменици на изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници, во Собранието на Република Македонија

10. Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање пратеничка група во Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Франција

11. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на јавната здравствена организација Медицински центар д-р Трипун Пановски, Битола

12. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на јавната здравствена организација Медицински центар Куманово

13. Предлог на одлука за давање согласност на статутот на јавната здравствена организација медицински центар Штип

14. Предлог на одлука за давање согласност на статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар Борка Талевски - Прилеп

15. Предлог на одлука за давање согласност н а статутот на јавната здравствена организација Медицински центар Титов Велес, Титов Велес

16. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на јавната здравствена организација Медицински центар Академик проф. д-р Димитар Арсов, Крива Паланка.

17. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на јавната здравствена организација Медицински центар Струга.

18. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кочани,

19. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар - Струмица

20. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар - Гевгелија.

21. Предлог на одлука за давање согласност на статутот на јавната здравствена организација здравствен дом - Кратово, Кратово.

22. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом Нада Михајлова Пробиштип,

23. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација здравствен дом Крушево,

24. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација здравствен дом Ресен.

25. Предлог на одлука за давање на согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом Вевчани.

26. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Радовиш.

I/8.-

27. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавна здравствена организација завод за здравствена заштита Тетово,

28. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита Прилеп, Прилеп.

29. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита Куманово.

30. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита Струмица.

31. Предлог на одлука за давање на согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита Охрид.

32. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за неврологија - Струга.

33. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на јавната здравствена организација, Завод за здравствена заштита Скопје;

34. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена организација Титов Велес,

35. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавното здравствена организација Болница за душевни болести Демир Хисар,

36. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација специјална детска болница Охрид.

I/9.-

37. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Градска аптека - Скопје, Скопје,

38. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Градска аптека"7 ноември" Гевгелија.

39. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација општински аптеки - Кочани.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**ВЕЉО ТАНТАРОТ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници.

Имајќи ги предвид огромните тешкотии во кои што западна тутуновото стопанство во нашата држава денес по шести пат предлагам Парламентарна расправа за неговите проблеми. За проблемите на тутунот Владата на Република Македонија подготви една информација, меѓутоа, благодарение на тоа што на последната седница Вие не гласавте, оваа информација не доби виза за расправа. Денес повторно барам да се расправа по Информацијата и за проблемите на тутуновото стопанство во република Македонија. Исто така, предлагам за наредната седница на Собранието на Република Македонија Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви информација за состојбите во аграрот кои како што ни е познато сега за сега не ни чинат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, имаме предлог од господинот Тантаро на оваа седница да се расправа и за проблематиката за откупот на тутунот.

I/10.-

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека предлогот на господинот Тантаров е усвоен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, господа колеги пратеници. Деновиве бевме делумно информирани по мене за еден дипломатски инцидент за време на престојот на нашата делегација во Истанбул каде што член на таа делегација Шабани го има настапот на јазик Кој што не е званичен јазик на оваа држава. Како званичен член на таа делегација значи ли тоа обид за промовирање на мала врата за државотворни јазици во оваа Република. Предлагам на денешната седница да се отвоир расправа и по ова прашање, бидејќи ова не е прв случај, бидејќи зачестија обиди за да овие дипломатски посети во име на државата во разни својства да се користат и за други нешта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Укажувам дека станува збор за Делегација на Владата. Прашање е дали таа делегација поднела извештај до Владата. Така да ова да го оставиме за една од наредните седници ние тогаш да го расправаме. не можеме сега да расправаме. Ако ние се што сме прочитале во весник изнесуваме овде на расправа кај ни е крајот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Согласен сум на наредната седница да се внесе оваа точка во дневниот ред.

Дали има предлози за оваа седница. (Нема).

I/11.-

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?(91)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Со оглед на тоа што во почетокот на седницата се добиени многу мал број одговори на порано поставените пратенички прашања што е услов за поставување на дополнителни прашања од страна на пратениците на седницата , предлагам поставувањето на пратеничките прашања да го одложиме за наредната седница до кога Владата и нејзините членови ќе достават одговор на поставените прашања.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (90)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **првата точка** - Предлог на закон за стандардизација.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно подели.

Отворам општ претрес.

Молам, Кој бара збор.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, добро е што еве овој закон и законите кои што следат уште два за мерни единици за скапоцени метали се најдоа на дневен ред на Собранието и дека еве денес ќе ги усвоиме. Со тоа ќе се регулира една област Која што е важна за обезбедување пред се на квалитетот на производите Кој ние потребен за пласман на нашите производи во странство и изедначување на квалитетот на тие производи со производите од развиените земји. При читањето на овој и на другите два закона, генерално на трите закони се

наметнува прашањето дали оваа дејност треба да потпадне во Министерството за стопанство. Се разбира дека не е грешка што е приклучена кон Министерството аз стопанство, меѓутоа сметам дека нема да биде никаква грешка ако биде во Министерството за развој или во Министерството за наука, затоа што постојат искуства во светот кои што се и така и така. Од тие причини може би беше подобро во Законот да стоеше наместо Министерство за стопанство, ресорното министерство, со што ќе се даваше слобода на Владата доколку преоценеше дека е подобро да го лоцира во друго министерство заради икс причини на пример и заради под еднакво оптоваруваше на министерството, тогаш со една одлука на Владата тоа ќе беше возможно. Вака, со закон тоа се лимитира и ќе треба измена на закон за тоа да се преправи.

II/1.-НН/МЛ

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Втората. дилема Која ни се наметна е дали водењето на целата оваа политика треба да припадне во рацете на една личност а тоа е директорот на Заводот. Се разбира Кој потпаѓа под соодветниот министер. Мислам дека е добро за сите овие три области да се формира еден совет од седум членови Кој што би ја водел генералната политика и Кој што би придонел да се објективизира и подобри работењето во овие дејности.

Ние предложивме амандмани на трите закони, меѓутоа по се изгледа дека закаснивме па се уште не се поделени. Веројатно за другите два закони ќе стигнат. Тој совет е единствен совет како што ќе биде единствен завод. Тој совет би бил идентичен на пример, како Советот за здравство или управните одбори на јавните претпријатија.

Уште една напомена воде, генерално за сите закони. За контролата на мерните инструменти во странство, често пати тие контроли се многу скапи и може да чинат поскапо отколку набавката на опремата. Се надевам дека ќе се води грижа за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

(Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 2.

Владата на Република Македонија поднесе нов текст на амандманот за менување на член 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

II/2.-

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 82 став 1.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 4, член 24 став 1, член 58 став 1 за менување на точка 3, за менување на став 2 и за додавање нов став 2 и на член 93 за додавање нов став 1-а и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Јован Лазаров и Мирко Трипуновски поднесоа амандман за додавање нов член 2-а, по Кој Владата не се произнела.

Овој амандман уште не е поделен на пратениците, бидејќи сега е поднесен.

Отворам претрес по амандманот на член 82 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за внесување...

Овој амандман не е поднесен, молам да причекаме две-три минути да се подели, да го добијат пратениците и да знаат за што се работи.

(Во меѓувреме Стручните служби го делат амандманот на пратеникот).

II/3.-

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 2-а поднесен од пратениците Јован Лазаров и Мирко Трипуновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Ристо Иванов, министер за стопанство

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас би сакал да напоменам дека во однос на општата забелешка каде би::требало да биде поставен Заводот за стандардизација во сегашниот Закон за државната управа и распоредот на секторите во поедини министерства, стандардизацијата спаѓаше во Министерството за стопанство. Во овој момент се врши издвојување и не е точно дека сите ингеренции се кај министерот од причина што назначување на директорот, утврдувањето на одредбите по кои што ќе се работи, општата политика во доменот на стандардизацијата ја утврдува Владата. Исклучиво делот на утврдување на техничките нормативи се задржува во рамки на директорот како предлагач и министерот за стопанство како одобрувач на таквите технички норми.

Втората работа, во рамки на Заводот се предвидува постоење на стручни комисии^кои би требало да се произнесуваат по стандардите кои што ќе треба да се утврдуваат. Значи, делот на обезбедување на стручност за секој стандард поединечно се обезбедува со формирање на стручни комисии и тие се задолжителни. По предлог на комисиите директорот на Заводот се произнесува и тоа се објавува во Службен весник. Заради тоа сметаме дека во овој дел да се задржи праксата Која ја имаме во другите земји, да биде што постегната самата организација, а при расправата за научните елементи и обезбедување на стручност да се има за секој проблем стручна комисија.

Во делот на предлагање на совет на Заводот мислам дека треба да се сфати дека ова е државна институција. Воопшто не се работи за нешто слично како јавно претпријатие,бидејќи политиката на Заводот ја утврдува Владата. Заради тие причини сметаме дека ова е одвишно, бидејќи присуството на стручни и научни работници се обезбедува во рамки на тие комисии кои од прилика се движат помеѓу 200 и 300, зависно за Која проблематика се работи. Значи, амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување нов член 2-а, поднесен од пратениците Јован Лазаров и Мирко Трипуновски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (80 пратеници).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

II/5.-

Минуваме на **точката 2** - Предлог на закон за контрола на предмети од скапоцени метали.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 4.

Владата на Република Македонија на 14 април 1995 година поднесе нов текст на амандманот за менување на член 4.

Владата на Република Македонија на 18 април 1995 година поднесе нов текст на амандманот за менување на член 4 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 за додавање на зборовите "V надзор", по член 26 и за бришење на истите зборови по член 27, член 28 за бришење на став 2. Член 32 став 1, член 33 став 1 точка 4, член 34 став 2 и на член 36.

Пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани и Газменд Ајдарага поднесоа амандман на член 28 став 4 по Кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Лазаров и Мирко Трипуновски поднесоа амандман за додавање нов член 4-а по Кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање на зборовите "V надзор" по членот 26 и за бришење на истите зборови по член 27 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 28 за бришење на став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Господин Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 4 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Овој амандман не се прифаќа затоа што сметаме дека во пуштање на промет можат да бидат само веќе утврдени и жигосани скапоцени предмети. Не може да се дозволува никаква можност без таа контрола да можат да бидат пуштени во промет скапоцени пред- мети и метали.

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Сметам дека амандманот треба да се прифати од причина што ставот што предлагаме да се брише се засновува врз претпоставка дека предметот се држи подготвен за пуштање во промет. Не знам врз основа на што ќе се одреди дали се држи подготвен за пуштање во промет или пак врз него се работи, во фаза на изготвување на предметот за пуштање во промет. Така што овој став сметам дека дава можност за персонално толкување на лицето кое што врши надзор дали некој предмет е подготвен да се пушти во промет, или пак тој се изработува, се дотерува или е во фаза на подготовка. Затоа сметам дека амандманот треба да се прифати за да се избегне ова самоволие при одлучувањето по однос на ова прашање.

III/1.- ДВ/ОМ

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Мислам дека амандманот Кој е предложен држи и очекувам дека ќе го прифатите. Причините кои ме наведуваат на тоа лежат заправо во Законот односно во пропустот што е направен во Законот. Зошто велам пропуст. Велам пропуст затоа што самиот тој чин на производство, особено кога станува збор за производство во мали серии, производство кое согласно Законот се врши и во малото стопанство, производство кое се врши во истите простории каде штос е врши и продажба. Затоа мислам дека ова што е понудено во законот е инкомпатибилно со состојбите што ги имаме на теренот. Уште повеќе ако ние тоа го правиме, по мене значи дека сета стока Која се уште не излегла на пазарот, при надзорот ако се фати, значи се најде во просториите, ќе биде запленета. Што ќе правиме. Ние имаме организации, ајде да кажеме за малите производители, но имаме големи организации кои се занимаваат со такво производство. Што ќе стане со таа стока. Дали само судот ќе се занимава со такви предмети. Заправо од тие причини неодрживо е она што е речено во Законот. Од тие причини предлагам тоа што е предложено со амандманот да биде прифатено.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Можеби е невообичаено сите тројца предлагачи да образлагаат во врска со амандманот, меѓутоа чувствувам потреба за нови појаснувања затоа што сепак праксата покажува дека по некогаш и одредбите во законот треба да одговараат на тоа што е пракса во секојдневието.

III/2.-

Ние како пратеници интервенираме на овој член затоа што сметаме дека имаме такви , јас ќе бидам многу конкретен, дуќани кои во исто време се и продавници и дуќани каде имаме нон-стоп доработка на скапоцени метали. Обично се јавуваат муштерии кои бараат одреден метал за доработка. Кога веќе постои можност тие луѓе односно работници од Заводот да влезат во тој дуќан и во исто време нивната интервенција ќе биде целиот тој скапоцен метал односно тоа што треба да се обработи може да се земе само врз основа на тоа што не е жигосан. Меѓутоа, ако на секој прстен, да речеме, се оди на жигосување преку денот , на тој што го држи дуќанот треба да оди 10 пати или 20 пати во Заводот за да ги жигоса тие материјали односно тие скапоцени метали. Затоа треба тука да се внимава и на самиот дигнитет на тој човек односно занаетчија што го држи тој дуќан, затоа што во исто време му е и продавница и дуќан каде што ги обработува односно полира тие материјали. Затоа мислам дека не треба да стои делот од реченицата "се држи подготвен заради пуштање во промет" затоа што нормално е дека не може да биде пуштен во промет ако не е жигосан затоа што треба да се изложи односно да биде во самиот излог. Но ако се влезе и му се отворат сите фиоки и т.н., тоа значи дека веќе се задира во самиот дигнитет односно интегритет на тој дуќан односно таа продавница или работилница. Затоа мислам дека не треба да стои тој дел од оваа реченица, а во пракса имаме и такви случаи кога е земено се што не е жигосано односно што е во фаза на доработка и после дури три четири месеци е вратен. Меѓутоа, за тие два три месеци самиот сопственик на таа работилница односно дукбан има проблеми со муштериите затоа што сега тој човек го бара прстенот што го оставил. после два или три дена тој доаѓа да го бара, прстенот го снемува и на прашање каде е се кажува во Заводот или во МВР и т.н., така што доаѓа тука самиот

дигнитет на нашиот чаршиски еснаф, а ние третираме тој чаршиски еснаф како еден дилер на молам уште еднаш претставникот на Владата да се тие објаснувања што се обидов да ги дадам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор, претставникот на Владата, г-динот Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Можеби сега не е момент да се образлагаат деталите од работата во одредени дуќани, меѓутоа би требало да ;се гледа членот во целина, бидејќи во него јасно зборува дека не му се одзема трајно, туку се одзема до правосилноста на надлежниот суд, дека тоа се чува во трезори на Народна банка, не на некои други места и она што е најбитното, за сите скапоцени предмети кои се даваат на поправка веќе постојат жигови. Ако не постојат тоа е веќе сосема друга работа.

Што се однесува до металот Кој не е преработен, тој се препознава. Точно е дека постојат проблеми во дуќаните каде што имаат и производство и продажба, меѓутоа, со подобра евиденција сите овие непријатности што може да се јават, може да се отстранат.

до нарушување на не можеме да го улица и т.н. Затоа произнесе после

Второ, што се однесува до поголемите фирми, кај нив производството е одделено од прометот и заради тоа кај нив нема такви проблеми.

III/4.-

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Се обидов да се убедам, меѓутоа не успеав да бидам убеден од страна на министерот, затоа што изгледа недоволно го познаваме законот. Наиме, член 13 вели: "испитувањето и жигосувањето на предмети од скапоцени метали го врши Заводот". Пример се произведе попладне. Работи ли Заводот попладне, не работи, знаеме кое е работното време. Затоа треба малку да имаме слух , да видиме што носиме и да постапуваме така како што треба.

Она што се рече за големите претпријатија. Тоа е сосема точно. Меѓутоа, во ставот не е речено дека не може да се влезе и таму. Јас мислам дека оваа работа е чиста, ако сакаме да создаваме забуни, проблеми и судот и натаму да го ангажираме да ги решава и после 5 години предметите, во ред, бидејќи се знае дека за 2 години не се решава еден предмет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 став 4, поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани и Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 1 точка 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а поднесен од пратениците Јован Лазаров и Мирко Трифуновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Со истото образложение кое беше во однос на формирање совет на Заводот аз стандардизација, со истото тоа образложение сметаме дека не би можел да се формира од причина што, исто така, целокупната политика и одлуките што се носат во оваа област ги донесува Владата. Според тоа нема потреба од ова, а користењето на стручни работници е исто како и кај стандардизацијата со стручни комисии и луѓе од науката.

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

III/7.-

Кој е за молам, да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 4-а поднесен од пратениците Јован Лазаров и Мирко Трипуновски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Јас сакам да кажам неколку збора во врска со текстот на самиот закон, поточно на членот 4 да искажам некои мои видувања во врска со законитоста и уставноста на самите законски проекти кои ги нуди Владата.

Почесто ни се случува сите законски проекти да бидат нападнати, а членот 4 во иста таа конотација стои една сигурна основа дека согласно Законот за органите на управата ние таков Завод немаме предвидено и поаѓајќи од членот 95 од Уставот на Република Македонија каде кажува дека организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со Закон што се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници, сметаме дека тука во формалниот поим на самиот законски проект, избегнувајќи го законот за органите на управата, формирање на такви заводи, организации и органи на управата не дефинирани со самиот Закон за органите на управата, правиме материјална повреда на членот 95 став 3 од Уставот на Република Македонија. Во таа конотација, иако членот 3 од Законот за органите на управата дозволува со Закон да се формираат одредени органи, но поаѓајќи од кредибилитетот Кој му го даваше членот од 57 до 80, уставните амандмани, и врз основа на кои уставни амандмани

и врз основа на кои уставни амандмани и тој Закон за органите на управата е донесен. Сега поаѓајќи од членот 95 став 3 од Уставот на РМ таков кредибилитет не му дозволува на Законот за органите на управата, да може со посебни закони ние да формираме и органи на управата. Од тука ни еден став на пратеничката група на СДС, во иднина таквите законски проекти нема да бидат прифаќани од пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз во Кој стои основа дека согласно на уставните одредби таквите закони ги кршат уставните од- редби кои го предвидуваат тоа.

Предлагаме ова да биде последен пат во врска со донесувањето на такви законски проекти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (80)

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за контрола на предмети од скапоцени метали.

Минуваме на **точка три** - предлог на закон за мерни единици и мерила.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за бришење на член 6 , за менување на член 9, за додавање нов член 25-а на член 27 став 4, за член 49, за додавање на три нови става по ставот 5, за менување на член 58 и на член 78 став 1 , за додавање на нова точка 4-а и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 7.

Владата на Република Македонија поднесе нов текст на амандманот за менување на член 7 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 67 став 1 точка 4.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 67 став 1 точка 4 и на прилог број 2.

Пратениците Јован Лазаров и Мирко Трипуновски поднесоа амандман за додавање нов член 7-а по Кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 1 точка 4 поднесен од ЗПК и Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на Предлогот број 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од пратениците Јован Лазаров и Мирко Трипуновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Истото образложение како и по претходните два амандмани, бидејќи во сите овие три закони се предвидува еден единствен завод да ги врши работите кои се регулирани со овие три закони, чисто од причини на обединување на проблематиката и рационализација на трошоците. Односно постои само еден Завод. Затоа сите овие додатни амандмани со истото образложение се одбиваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор:

III/11.-

**JОВАН ЛАЗАРОВ:**

Со оглед дека не се прифати амандманот за претходните два члена со иста содржина и иста смисла, го повлекуваме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон. Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (81)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за мерни единици и мерила.

IV/1 ЈМ/НД

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Минуваме на **точката 4** - Предлог на закон за трговија.

Предлогот на законот и извештите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, Кој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во општата расправа треба да се истакне дека ние донесуваме еден нов закон во Република Македонија Кој во суштина ќе ја дефинира трговијата, начинот на остварувањето и вршењето на таа трговија и како законски проект во суштина тој треба да претставува организационен и во функционална смисла треба да ја остварува трговијата. во Република Македонија. Нп, правејќи го самиот законски концепт мора да признаеме дека тој зафаќа и поголем обем на материја Која ја регулира, а тоа е зафаќање на областа од сметководството од финансиите, зафаќањето на областа од облигационите односи во Републиката, разрешување на договорите за купопродажба, воведувајќи на нови термини како што е терминот шпекулација и нелојална конкуренција, воведувајќи имотно - правни побарувања на странките доколку настане штета од шпекулација и нелојалната трговија и воведување на ограничување на пазарот и претприемаштвото согласно на членот 55 од Уставот на Република Македонија. Во таа насока сакам да истакнам дека, иако законот сака да остане организационен закон, тој во суштина зафаќа и материјални одредби на системски закони кои ги имаме во Р:епубликата и вака поставени;недоработени до крај недефинирани поимите може да настане хоризонтална колизија помеѓу законските проекти и судовите во дадени случаи да не можат да расправаат. Кога се мисли на закон за

нелојална конкуренција, или шпекулација, кога предвидува законот дека тој е ништовен договор. По Законот за облигации имаме два вида на ништовни договори: апсолутна и релативна ништовност на договорот. Тоа до крај не е дефинирано и ако расправаме во остварувањето на имотно - правните односи кои ги предвидува законот по тужба на потрошач и било Која фирма Која учествува во правниот промет, може да направиме една силна колизија меѓу тие системски закони кои ги имаме во Републиката. Сакам да истакнам дека мораме со донесувањето на законските проекти да го фатиме и формалниот ред ако сакаме во материјална содржина да регулираме одредени нови појмови треба да ги донесеме системските закони како што е Законот за облигациите Кој во суштина во материјална основа ги дефинира сите должничко - доверителни односи кои ќе настанат во правниот промет на Републиката, па оттука да биде основа за надоградба на тој закон како организационен и во материјална и во функционална смисла. Оттука сметам дека иако тој закон го надоградува правниот систем, но отвора соодветна колизија измеѓу системските закони кои ги имаме во Републиката. На Владата и предлагам во тој контекст да отопочне со измена на системските закони, а тоа е Законот за облигационите односи во Републиката Кој е донесен во 1978 година, Кој е сојузен закон и Кој во суштина не соодветствува на уставните определби кои ги имаме во Републиката.

Сакам и посебно да истакнам за членот 26 од Законот Кој го нуди Владата, прво е употребена во членот 25 негативна конотација на пишување на членот, кажува Кој орган што не смее да направи, фактички го менува стилот на целиот закон Кој е пишуван во позитивна енумерација или во она позитивно владение кои странките ќе учествуваат во правниот промет да се однесуваат,а тука зборува за негативна конотација, што мислам дека тоа не е ред во пишувањето на законски проекти.

И во членот 26 став 1 каде што кажува по исклучок од член 25 на овој закон, Владата може да пропише мерки за ограничување на пазарот и претприемаштвото и ги набројува кои се случаите. Сметам дека тој член е спротивен на членот 55 став 3 од Уставот на Република Македонија каде што Уставот кажува дека единствено со закон може да се ограничи пазарот и претприемаштвото и се кажани тие услови и вака делегирано право дадено во тој закон на Владата мислам дека не може тоа право да му се пренесе согласно на тој член 55 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Ние на Законодавно - правната комисија дискутиравме за тој член и добивме обврска дека Министерството ќе поднесе амандман и ќе ја промени конотацијата на тој член 26 став 3.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, Законот за трговија Кој денес се наоѓа пред нас, измина долг процес на подготовка во Која се водеше темелна расправа по неговата содржина, потоа со една година пауза стоеше во собраниските архиви за конечно да ја види светлината на денот, па наша обврска е да го разгледаме и да дадеме свое мислење т.е. да го усвоиме.

Потребата од донесување на ваков закон е повеќе од евидентна да се донесе закон со Кој ќе се постават основите на трговијата, а овие секако да се усогласат и да се сместат во рамките на постојната законска регулатива на земјите од европската унија. Со овој закон се остварува уставното начело за слободата на пазарот и претприемаштвото со што

ќе се воспостави здрава конкуренција на пазарот, рамноправно застапување и работење на сите субјекти во процесот на размената на стоките и истапувањето на пазарот. Пазарот е онаа голема стопанска установа која го одредува и регулира севкупниот стопански живот, тој секому му ја доделува неговата стопанска гранка, секому му одмерува надоместок за неговиот удел, тој создава заедница на луѓе кои стопанисуваат независно, тој остварува единство во слободата, а ја чува слободата во единството. Пазарот е централен орган, срце кое го одржува крвотокот на стопанскиот живот, кое го прима приливот на храна и го пренесува до сите ограноци а животниот принцип на пазарот услов за неговата органска игра е слободата. Овој закон ги предвидува и; сите форми на заштита од нарушување на слободата на пазарот како што се монополското однесување и монополската положба, ограничувањето на пазарот, нелојалната конкуренција и шпекулацијата. Со основните одредби на законот се дефинира трговијата како и сите активности сврзани за размена на производите и услугите. Законот пропишува што е трговија на големо, а што е трговија на мало, наедно определува дека трговија на големо и мало се врши во продажни објекти освен трговија на големо во транзит. Ова е момент да се застане на патот на сивата економија Која сигурно станува еден од позначајните проблеми во нашата држава. Во моментот со трговија се занимаваат близу 80 илјади наши граѓани, веќе пет години овие трансакции и текови се одвиваат надвор од увидот на даночните и другите административни власти. Проценка е дека учеството на сивата економија во вкупната трговија е над 50%. Цената без давачки е ниска, конкурентна, обртот на капиталот е молњевит, можноста за евиденција е речиси никаква, редовната трговија вака нема шанси да се носи со оваа стихија. Секоја стопанска гранка за ова има своја приказна, а сите заедно веќе не можат да ја поднесат нелојалната конкуренција. Ова е воедно можност да го симнеме и декорот од нашите улици и тротоари каде камп масичките,

автомобилите и картонските кутии се повеќе стануваат подвижни тезги. Со примена на овој закон се претпоставува да се стави крај на оваа улична трговија по тротоарите и сообраќајниците, бидејќи се забранува продажба на производи на големо и мало надвор од објектите и просториите во кои е одобрено вршење на дејноста. Воведувањето на евиденцијата за набавка и продажба на производите е исто така значаен елемент со што ќе се обезбеди точен увид во обемот и остварениот промет.

И на крајот секако многу значаен елемент во овој закон е улогата на пазарната инспекција во спроведувањето на сите активности во областа на прометот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**РИСТО ИВАНОВ:**

Почитувани пратеници, со четирите закони кои што денеска се на дневен ред и на усвојување пред Собранието се заокружува дел од стопанскиот систем. И морам да напоменам дека во овие области досега важеа прописите од поранешната СФРЈ. Со предложените решенија секако дека до крај не се отстранети сите можности за заокружување на овој дел од дејноста, пред се трговската, но морам да напоменам дека постојат и одредени објективни ограничувања.

Прво, во собраниска процедура е Законот за трговските друштва Кој што на еден поинаков начин ќе го регулира организационото и би рекол целокупното дејствување на субјектите на пазарот во Македонија. Со тој закон на поинаков начин се уредува статусот на стопанските субјекти. Истовремено за да можат сите овие решенија од законот за трговија и стандардизација и контрола да функционираат би требало и тој закон да биде донесен. Секако со донесувањето на тој закон ќе има

потреба од одредени измени и на овој закон за трговијата. Одредени забелешки што беа дадени од пратениците за да се избегне евентуалната спротивност со уставните решенија, или со други основни закони се надеваме дека ќе биде надмината. А во овој период сметаме дека ова дава добра основа за одредени состојби на пазарот ако не бидат елиминирани барем да бидат регулирани на подобар начин.

Во однос ан забелешките за член 26 и член 27, јас сум информиран дека на Законодавно - правната комисија извршена е измена наместо "пропишува" да стои "превзема" со што доаѓа решението од членот во рамки на она што го дозволува Уставот.

Меѓутоа, јас би сакал да напоменам уште едно. Со овие закони се прави само еден чекор од она што секојдневно се залагаме и велиме дека постои сива економија, но не можеме да очекуваме дека со нив се ќе биде решено. Во овој закон се утврдуваат обврските за отпочнување со трговија, се утврдуваат постапките како да се елиминира евентуалното постоење на монополска положба, или доминантна положба на пазарот. Новина е тоа што се дозволува да секој трговец доколку работи спротивно на прописите од областа на трговијата, сметководството, банкарството, вработувањето, здравственото и пензиското осигурување, даноците, цените, работното време, да се третира како нелојална конкуренција што е нов момент и отвора право и на самиот пазар да постои меѓусебна контрола на трговците. Сето ова претставуваат основни елементи врз основа на кои би можело да отпочне регулирањето на пазарните односи и отстранувањето на сивата економија. Но, без двата други основни елементи, а тоа е воведувањето на пазарен данок, односно данок на додатна вредност и без регулатива на безготовинските текови и намалување на готовинските плаќања ние уште многу, сигурно ќе се нервираме, ќе се залагаме да се отклони сивата економија, меѓутоа основните елементи на кои што таа почива

додека не ги отстраниме со донесување на соодветни закони тешко ќе можеме да зборуваме за поголема регулација. Се надевам дека со овие закони кои што се денеска на дневен ред се прави првиот чекор, а со додатните ќе обезбедиме целосно регулирање на пазарните текови во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 40 став 1,2 и 3, член 45 став 1, член 46, член 47 и на член 48 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесен амандмани на член 4 за додавање два нови става, за менување на член 10, на член 11 став 1 и 2 и за додавање нов став 2-а член 14 точка 1 и за додавање две нови точки 1-а и 6-а за додавање нов член 16-а, член 30 и 39 став 1, на член 30 за бришење на насловот "а) нелојална конкуренција"; член 31 став 2 точка 10 и за додавање три нови точки 11, 12 и 13, за додавање нов член 31-а, за бришење на зборовите "б)шпекулација" во поглавјето 3 за менување на член 32, за додавање три нови члена 32-а, 32-б и 32-в, член 35 став 4, член 41 став 1, точка 3,8 и 9 и за додавање нов став по ставот 2, член 44 став 1 за додавање нова точка 1, за додавање нови точки 9-а, 13-а и 15-а и за додавање нов став по ставот 1 и на член 50 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Ване Наумоски поднесе амандмани на член 6 став 4, член 6 став 7, член 9, член 11 став 1, член 11 за менување на став 2, член 11 став 3 и 4, член 14 за менување на точка 2, член 14 точка

точка 6, член 15 став 1, член 35 став 1 и на член 44 точка 4,10 и 14 со кои Владата не се согласила.

Пратеникот Ване Наумоски поднесе амандман на член 6 став 7 со Кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Фаик Абди поднесе амандман на член 6 за додавање нов став 3 по ставот 2, со Кој претставникот на Владата не се согласил

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 14 точка 1.По новиот член 32-б став 2 и 3, во новиот член 32-в став 3, член 42 став 1 и на член 43 став 1 пратеникот Персида Малинска поднесе амандман на член 6 став 1 и 2 со Кој претставникот на Владата се согласил и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 6 став 5, член 11 став 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 14.во новата точка 6-а.

Пратениците Исмет Рамадани, Илија Гоцевски, Мевљан Таири и Газменд Ајдарага, поднесоа амандман на член 6 став 1 по Кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ване Наумоски поднесе амандман на член 4 став 3 по Кој Владата не се произнела.

Пратеникот Фаик Абди поднесе нов текст на амандман на член 6 за додавање нов став по став 2 по Кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3 поднесен од пратеникот Ване Наумоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Овој е сосема нов амандман. Се работи за усогласување на термините низ целиот закон и овде овој амандман е прифатлив за Владата каде што"продажни објекти" се заменуваат со "определени простории и простори" кои што провејуваат како термин низ целиот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Илија Гоцевски, Мевљан Таири и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6, став 1 поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Илија Гоцевски, Мевљан Тахири и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Во членот 6 став 1 се предвидува дека на пазарите односно отворени пазаришта каде што се продаваат услуги за трговија на големо може да се продаваат само односно исклучиво земјоделски производи. Со овој амандман се бара да се прошири да се додаде "нивни преработки и прехранбени производи". Меѓутоа за продажба на овие производи поsтојат одредени услови што треба да се исполнат во поглед на складирање, чување и начинот на продажба. Доколку на тие пазари постојат магацини и складишта, сосема нормално е дека таму тоа може да се обавува. Но, на отворени простори како што се пазариштата не може освен давање услуги на големо и продажба само на земјоделски производи, не може ништо друго да се обавува, затоа што на тој начин би сме ја легализирале постојната состојба што ја имаме сега. Затоа амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас прво ќе бидам многу отворен за овој амандман односно после, откога го поднесовме заедно со другите пратеници, јас разговарав и со министерот и нормално дека со дополнителни објаснувања не можевме да се убедиме до крај, затоа што прво во член 6 ставот 1 таму не пишува

никаде дека се работи аз отворен пазар, туку стои на пазарите. Тие пазари се отворени и затворени, има и дисконти итн., што не е до крај објаснето на Кој начин односно на кои пазари се мисли.

Потоа пазар на големо и со големо ограничување како што е во ставот 1 на член 6, исто така за мене барем и предлагачите на овој амандман не е прифатливо, а точно е тоа дека на таквите пазари треба да имаат услови и да се создаваат услови како што рече и министерот, при што нормално е и јас како пратеник не би се согласил таму да нема услови и да се продаваат расипливи материи и стоки кои не можат да издржат.

Меѓутоа, ако одиме на едно вакво ограничување, сега гледам таму е прифатен уште еден амандман на колешката мислам Персида, каде уште повеќе се оди таму, наместо да може да се врши односно таму е прифатен амандман "исклучиво", така што да речеме од некои пазари што се реномирани па можеме да бидеме и до крај отворени овде, ние велиме кванташки пазар што е во градот Скопје и нема човек што не знае дека постои еден кванташки пазар, каде што, веројатно, димензиите односно популарноста на тој пазар ги преминува и границите на Република Македонија можеби и на самиот Балкан. И сега ние не можеме со овој став односно оваа одредба на овој член, толку да можеме да одиме на некое ограничување, што навистина, не знам дали и колку би постигнале во самиот развој на таа трговија во Која ние мислиме да бидеме многу отворени.

Па затоа молам ако треба може Владата односно ресорното министерство да интервенира со тоа што ставот односно одредбата 1 од член 6 може да се дополни односно текстот да се преиначи така односно да продолжи текстот како што рече министерот, ако се исполнуваат и тие услови што самиот министер ги искажа овде односно предложи.

V/3.-

Добро, јас воопшто не се надевам дека може да мине, но требаше малку повеќе да се внимава и на тоа дали може на еден друг начин односно самата реченица да има и друга смисла, па молам да се прифати од пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

б пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Илија Гоцевски, Мевљан Таири и Газменд Ајдарага.

Отворам претрес на член 6 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратеникот Фаик Абди.

Бидејќи сега овде имаме нов текст на овој амандман молам да се произнесе претставникот на Владата.

Има збор министерот за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас морам да појаснам и во однос на овој амандман дека во законот во ставот 2 се регулира што може да се продава на пазарите односно на пазариштата на мало. Имајќи предвид дека во текот на 1995 година ќе се регулираат областите од делот на трговските друштва, занаетчиство, земјоделски задруги, како паралела на она што е во развиените земји, овде на пазарите на мало се дозволува продажба на земјоделски производи, млеко, млечни производи, галантерија, бижутерија и други, би рекол, производи што се ракотворби. Што значи сето она што секој поединец може да го произведе и е поврзано со занаетчиство и земјоделство.

V/4.-

Со предлагањето на овој амандман би значело истовремено да се продолжи со праксата на пазариштата да постои продажба и на други производи. Заради тоа амандманот е неприфатлив односно можно е да се , а ние од прилика и така се договоривме,. во рамките на ставот 4 и 6 да се понуди решение како што е за стари делови и стари пред- мети, да се понуди за еден ден во неделата на посебно организирани места да се продава текстил и текстилни производи, каде што застапници на одредени фирми или оние што сами работат би можеле тоа да го изложуваат и да го продаваат. Меѓутоа, вака се остава простор да остане се исто да не биде организирано и да не се знае колку дена во неделата работат така организираните пазари. Заради тоа и овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас овде ќе зборувам за две работи и малку ме збуни министерот за стопанство со своето не прифаќање и она што нешто се дискутираше малку од една колешка овде за стопирање на сивата економија за доведување во ред на нашава држава и сл. Не е целата среќа во тоа ако се стопира овој вид на продажба дека се ќе биде во ред. Сивата економија е некаде внатре во тие големи претпријатија и гиганти. Таму треба да се бараат, она што треба да се бара и дури тогаш државава ќе биде посреќна. Ние сигурно ќе бидеме покомпатибилни на запад, многу подоцна, само да завршат овие војни итн. и тогаш ќе разговараме за нешто поубаво.

V/5.-

Меѓутоа, да се вратам на овие предлози. Вчера Комисијата за стопанство не го прифати мојот амандман, со образложението што го кажа и министерот. Меѓутоа, денеска сабајле се договоривме со господинот министер да предложам нов амандман со содржина "на определени места на пазарите на мало....", се извинувам грешив "на посебно организирани места на пазарите или други места на мало може да се продава текстил и текстилни производи". Ова не е она што тој го образложи овде дека во неделата во еден ден можат да продаваат стари предмети и др. Јас живеев во Австралија и знам што е тоа. Освен овие работи има баеги продавачи, има над 800 илјади купувачи, тие што имаат мали плати, тие што имаат мали пензии, тие што се под Бирото, два вида на луѓе се многу обесштетени односно оштетени со прифаќање на закон Кој што кажува дека не може да се продаваат на никое место никакви производи и ништо, освен во дуќани. Добро е сите да бидеме така економски ситуирани па да купуваме само од супер опремени продавници и сл. Ќе дојде времето и тоа да го доживееме, но сиромаштијата и во Америка не може да се искорени, а камо ли овде.

Според тоа би го замолил господинот министер да даде некое образложение овде, бидејќи се договоривме, што е сега работава и мене не ми е јасно. Јас предложив друг амандман, друг текст - на посебно организирани места на пазарите или други места на мало може да се продаваат текстил и текстилни производи. А тоа значи ова да биде во врска со член 49 каде што се вели преодни одредби во рок од 3 месеци тие што продаваат и тие вложуваат пари , тоа не е веќе дива работа зашто тие плаќаат превоз, плаќаат царина, плаќаат даноци, какви се такви се ги плаќаат. А сега царината ја плаќаат,колку ја плаќаат тоа нека го видат цариниците, нека види полицијата, нека види државата. И молам за одговор токму во врска со ова. Ние се договоривме сабајлето.

V/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор министерот за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Околу овој амандман или би рекол суштината на овој амандман вчера на Комисијата за стопанство имаше доста дискусија. Видете јас би сакал уште еднаш да појаснам, да не испадне дека намерата е со овој закон нечија егзистенција да биде анулирана односно да биде одземена.

Прво, со овој закон на пазарите на мало се дозволува да се продава она што е сопствено производство на поедини лица во делот за земјоделството и занаетчиството.

Второ, формите на продажба што овде се кажуваат се форми на трговско дејствување и неопходно е за нив да има евиденција. И сега не е забрането по пат на агенти, претставници да се врши продажба на производите. Но, не може заедно да се продаваат и земјоделски производи и текстилни производи и млечни производи и се. И во овој момент е дозволена продажба, доколку некој се обезбеди со локација си направи минимум продажба просторија Која што ќе биде регистрирана, евидентирана и таму може да продава сето ова што е овде презентирано.

И последното, единствено што кон овој закон е новина е исто така воведувањето на обврската за материјална евиденција на трговецот. Како ќе може да се води евиденција материјална на трговската дејност, ако овие амандмани, претходно предложените што беа за прехранбени производи и овие за текстилни производи, се дозволат останува се како што и досега беше. Затоа вака дефинирано во секое време да може тоа да се продава, не може да биде прифатливо.

V/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Фаик Абди

**ФАИК АБДИ:**

Јас гледам една непринципиелност од страна на министерот, затоа што токму сабајлево, денеска разговаравме за оваа работа и се договоривме на посебно организирани места да можат да се продаваат текстил и текстилни производи. Дали тоа ќе биде во Сингелиќ на пазарот дали ќе биде 100 километра надвор од Скопје, или ќе биде не знам каде, каде што ќе се одреди таму. И зошто вака постапувате? Што е причината? Што ве натера? Ве молам, непринципиелност е,и министер, јас јавно кажувам овде, треба да има свое ја. Како тоа?! Никој не вели, ако вие бевте на Бит Пазар и вие дами и господо ако сте биле на Бит Пазар, сигурно сте воочиле дека тој текстил и текстилните производи се продаваат на посебни места. Таму нема ниту јајца, нема ниту сирење, нема ни кашкавал, ама нема ништо. Само текстил. И не е важно, сакаме да ги оцрниме луѓето. Сакаме тие со мали лични доходи и со мали примања, со ич примања, да ги тргнеме. Сиромаштијата да оди подалеку. Добро, нека оди подалеку, само не на овој начин. Зашто, не е точно тоа што вие го велите. И сега, сабајлево се договоривме да поднесам нов амандман, модифициран. Ова е за модификација. Што друго сакате, кажете Бидете отворени и готово.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор Драган Митевски

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Само неколку збора сакам да кажам во врска со овој амандман што се предлага и членот од Законот, во смисла на поддршка на членот од

V/8.-

Законот што се предлага. Член сум на Извршниот одбор на Стопанската комора и на Одборот за трговија при Стопанската комора. Кога навистина сите директори кои што работат во трговијата и производителите од текстилната индустрија кај нас ја следат оваа расправа би сфатиле дека во овој Парламент со вакви дискусии седат несериозни пратеници. И навистина ако Владата би дозволила ова што го предлага г-динот Фаик Абди, нека ми прости на изразот, навистина тоа би било една нелегална работа против Која се бори Стопанската комора, Извршниот одбор и Одборот за трговија скоро две-три години. Ред е, навистина, да се легализира и сите ние знаеме што претставува продажба на текстил и на Кој начин доаѓа текстилот, како се продава и на кои места. А еден Парламент не може да носи такви закони со кои што ќе се легализира определена состојба и со кои ќе се штити социјалата. За заштита на социјалата постои закон за социјална помош и други законски прописи и средства што се издвојуваат за таа намена, па од тие средства нека се намируваат. Меѓутоа, навистина овој законски текст, овој проект и не знам што пратеникот се договарал со министерот, меѓутоа, предлогот на закон треба да биде поддржан како што е даден односно овој член, бидејќи голема огорченост владее кај стопанствениците токму заради оваа работа. И навистина дојде време оваа работа да се прекине.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

VI/1,- СП/ЉР

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Работата ќе биде појасна ако кажам дека Комисијата за стопанство вчера на ова прашање се задржа најсериозно земајќи ги предвид сите можни импликации и сето она што ни се случува околу нас. Сметам дека во расправата Која следи, Комисијата предложи амандман Кој Владата го прифаќа и Кој на некој начин е компромис на ова. Иако немаме амандманска расправа г-дине пртседателе дозволете ми да објаснам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, кога ќе дојдеме на тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да кажам тоа што го бара Фаик Абди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е негово, тој да го разбере сам, тој е пратеник овде и од говорница нема што да му се објаснува,. требало да му објасните каде би не довело тоа ако некому не му е јасно нешто да му се објаснува од говорница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Компромисот е дека ни треба и такви пазари популарно наречени бувљаци без обѕир што по инаку ги викаме, но при тие треба да бидат на едно место и таму продажбата да биде еднаш неделно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири

VI/2.-

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Обидот да се воспостави ред во трговијата сигурно е за поздравување, но се ова што не убедуваат г-дата од Комората и од Министерството не значи дека е токму така. Имено, познато е дека на секаде каде стандардот во општеството е на ниво такво што како што е кај нас има вакви пазари каде се толерира овој начин на работење. Не сум убеден дека овие мали трговци толку многу можат да наштетат на големата индустрија поготово големата текстилна индустрија на РМ и тие сигурно нема да можат да го решат својот проблем со тоа што овие купувачи што купуваат на овие пазари ќе ги привлечат да купуваат од своите продавници. Решението е сигурно на друго место и тие многу добро знаат каде е тоа решение. Но, би сакал да укажам на еден факт како се регулира трговијата и стопанството во РМ- Имено, преку овој Закон и други закони и други подзаконски акти и Владата односно Министерството за стопанство со Министерсвото за надворешни работи бевме сведоци на еден обид д асе регулира прометот со патлиџани. Што направија? Воведоа контингенти односно забранија контингенти и се заштитија производителите на патлиџани во Републиката. Имавме случај ние како купувачи наместо да купуваме по 50 денари, купувавме по 150 денари кгр. патлиџани. Сигурно не се штитеа производителите, сигурно не се штити пазарот, туку токму обратното се создава монопол на тој што произведува.

Затоа предлагам во оваа смисла Министерството, не мора со овој закон, но да размисли на Кој начин ќе најде модус да живеат и овие луѓе кои во овие времиња навистина се наоѓаат во многу тешки услови.

VI/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Очигледно се наогаме на една пресретница и треба да кажеме одлучно дали сите од фабриките ќе ги претвориме продавачи да бидат социјала да одат на улица, или ова што значи транзиција, ова што значи преструктуирање значи и обезбедуање егзистенција на најголемиот број се уште, за среќа, вработени во акционерски друштва утре приватни друштва.

Мислам дека не држат дискусиите од типот дека незадоволни од ниски лични доходи од стечајни работници и невработеност треба практично и тоа малку стопанство повторно за среќа или за жал најголемиот дел од текстилната индустрија се уште го вработува најголемиот број на граѓани и пак за среќа обезбедува каков - таков личен доход, па ве молам што значи тоа пред"Тетекс" помеѓу 13 и 15 часот да имате пазар на текстилни производи кои се директна конкуренција на тоа што таму се произведува. Не е тоа само пред "Тетекс", туку во целата држава. Кој може да ја води таа контрола на овие пазари било Буњаковец или Зелен Пазар се продава се и сешто. Тука е загрозена и прехранбената индустрија, преработувачката индустрија. Се знае што се пазарите, се знае што е Кванташки пазар. Кванташки пазар е за земјоделски производи и таа енигма мора да се расчисти. Тоа не може да биде пазар на големо за шпекулација. Ако сакаме држава, ако сакаме пазарна економија, ако сакаме контрола на сето ова мора вака да се оди со забелешки, со респект на оние амандмани кои значат едно ублажување, кои значат можеби еден компромис. Во основа илузија е да може некој да го следи тој промет Кој

се случува на овие пазари. Кој може да следи промет со торби. Ве молам, не може да ги мешаме работите основната поента е ако се дозволи ова што го имаме сега и овие работници кои ги имаме по фирмите на кои им обезбедуваме некаков личен доход утре практично треба да ги трансформираме на пазарите во конкуренција на овие 7 до 10 илјади. Дискусии на овој план може да има само што значи тоа потреба, што значат искуства од светот, меѓутоа, не можеме, да извините, турската роба без контрола да ја пренесеме на нашите улици и пазаришта.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, мислам дека еден дел од луѓето што дискутираа или не сакаат или не можат да ме разберат што сакам да кажам. За ваше информирање, јас доаѓам од производство. Јас случајно не сум овде. Тие што се ваши бирачи еден добар дел тие се бават со оваа работа, егзистираат. Дали носат роба од Турска, тоа им го дозволува Законот, тие плаќаат царина. Ако може да помине без царина, тоа значи на цариникот ќе му пикне во џеб 500 ДМ, има такви работи, значи има се и треба да се отворат очи. Истото го има и во фирмите. Да launreчеме јас од Тетекс - Тетово купувам она што ми треба, убава работа, имам пари да платам, но тој што нема не може да купи за 600 до 700 илјади одело и да не речам уште нешто една маица за 20 милијарди и 5 милијарди не е исто зошто, тоа е црно, не е тоа црно, тоа е евтино. Може да го донесе плаќа царина, ако не плаќа треба да се казни, треба да се фати. имаме даночна полиција, имаме царинска полиција, да отвориме очи треба да створиме правна држава, имаме голем број претпријатија каде откриваме зли јазици зборуваат се и сешто, но да ги оставиме тие работи, ако овој Парламент мисли дека и правиме лошо на државата, на ова стопанство и стопанствениците од Стопанската комора на

Македонија чиј член и јас бев едно време, нека се донесе Законот без овие амандмани, луѓето каде ќе одат, ќе се најдат на Бирото за вработување, ќе бараат социјална помош, вашите бирачи ќе дојдат кај вас, ќе се жалат, ќе има незадоволство, нека има незадоволство. Јас дадов предлог, тоа што се имам договорено со министерот Ристо Иванов сега сабајле на определени места пазаришта не може да биде еднаш неделно, еднаш неделно се продаваат стари предмети, овие се модерни работи, не се многу квалитетни, жените што ги имаме овде, тие тоа го знаат.

Ве молам, да не ме сфатите дека јас сакам да го урнам стопанството и илјадници луѓе што се бават со тоа ќе го уништат нашето стопанство. Нешто друго нас не уништува, но не можеме да разбереме што не уништува. Не можеме да разбереме каде е излезот, кад ени е среќата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да сите говорници да ви напоменам кога зборуваме за цени да употребуваме во наши денари колку е износот инаку да не спомнуваме милијарди оти некој ек се зачуди оти тоа се пари од друга држава, од други времиња, ние сме законодавно тело и држете се за тоа што сами со Закон сме го решиле.

Има збор г-динот Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Очигледно премногу се злоупотребува мојот разговор сабајле, но тоа беше доста принципиелно и уште еднаш повторувам како што е во ставот 4 од членот 6 и во шестиот став од истиот член исто така на организирани пазари не е додадено пазари на мало.

Еднаш во неделата да може тоа. Еве да објаснам уште нешто. Целата дискусија премногу се сведе дека некој нелегално нешто работи. Всушност во Законот тоа не се тврди, само се создава простор сите да можат легално да работат. Предлогот е дека на пазарите на мало не може да има и едно и друго и трето. На други организирани места еднаш во неделата се дава простор каде ќе се обезбеди пониска цена каде што на побрз начин ќе се дојде до купувачот, ќе може да му биде понудено и да биде продадено она што се произведува. Инаку, ако тоа не се прифаќа, значи не се прифаќа правилото на регулирањето на односите, а не правилото дали некој прикрива или не прикрива даноци. Не навлегувам во тоа, наше е да регулираме како и на Кој начин може да се врши трговска дејност, а другото е на трговците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Простете колеги пратеници, сигурно ви досадив со моето излегување, меѓутоа, јас овде овој Закон го знам од претходното свикување на Парламентот беше сличен и тогаш имав амандман и ова што кажа г-динот министер за злоупотреба на разговорот меѓу мене и него јас мислам дека не е тоа злоупотреба на разговорот, туку мислам дека треба да се биде чесен што е она што се договоривме дека ова не може да помине, а другото може да помине ако биде на одредени места. Но еднаш неделно, простете г-дине министре ако вие јадете еднаш неделно, тоа е друга работа, верувам дека не е така, луѓето треба да живеат. Видете колку сум искрен мене Македонија ме знае, не може еднаш неделно.

VI/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Панче Насев.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Доста дискутиравме вчера на оваа тема, на Комисијата за стопанство и мислам дека некаде на средина сме по ова прашање. Законот мора да ја спречи сивата економија, тоа најмногу ние го чувствуваме текстилците, бидејќи луѓето не се само од ромската националност, има и други такви кои едноставно отвораат тезга пред текстилна продавници или било Која и продаваат текстил Кој е нерегулиран, не се знае дали е платена царина, дали е платен данок, едноставно пред продавниците се продава со 50% поевтино. Тоа апсолутно мора да се спречи, Законот во тој дел е дециден. Меѓутоа, во светот постојат организирани пазари кои дозволуваат да се продава и текстил и кожна галантерија надвор од продавниците. Меѓутоа, тоа се организирани пазари кои не се обавуваат секој ден, тоа го има во Италија, Франција, Англија, туку има одредено место одреден ден и одредено време од толку до толку часот се продаваат тие и тие производи, тоа нема врска со пазарите со прехрана. Тоа се сосема други места и тоа не секој ден, туку еднаш или два- пати во неделата. Такви места можат и треба да се направат во РМ и на тој начин најбрзо и најбезбедно ќе ја спречиме сивата економија, а вака да се продава на улица како што се случува во Штип на граѓаните од ромската националност им одредуваме место надвор од центарот, но тие сакаат токму во центарот токму пред продавниците на најфрекфретните места. Тоа мора да се спречи, мислам дека Законот го спречува, но може да се дозволи на места каде ќе биде регулирано. ќе се знае, ќе бидеа заградено и може да се наплака такса, данок и да се издавтаа царински декларации.

VI/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не) Г

о заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Фаик Абди.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 4, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Молам, Кој бара збор?

Има збор г-динот Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа што претходно министерот прифати амандман на член 4 став 3 логично овие амандмани понатаму би отпаднале и со тоа го повлекувам овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Молам, Кој бара збор?

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Со образложението што го дадов по претходниот член 6 исто така го повлекувам овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 , став 1 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

VI/9.-

Молам, Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање,

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 1, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

(пратеникот го повлекува амандманот)

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 3 и 4 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

И овој амандман го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 14 точка 1 поднесе од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на точка 2, поднесен од пратеникот Ване Наумовски. Молам, Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

VI/10.-

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 за менување на точка 2, поднесен од пратеникот Ване Наумовски-

Отворам претрес по амандманот на член 14 точка 6, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Молам, Кој бара збор?

Има збор г-динот Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Ќе бидам многу краток, ќе ми дозволите да ја прочитам точката 6 каде трговецот на мало е должен во продажниот објект да, меѓу другите точки стои "при помали пакувања на производи да употребува материјал за обвивка Кој одговара на тежината на спакуваните производи". Ова е текст од Законот. Мојот предлог е зборовите "на тежината" да се отфрлат, бидејќи смислата на реченицата се менува. Логично вака како што е напишано би испаднало ако 100 грама кашкавал би се пакувал соодветно да одговара треба и 100 грама хартија. Не сфатливо ми е зошто Владата не го прифати овие зборови да се отфрлат. Текстот би гласел "Кој одговара на спакуваните производи". Во тоа е амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Ќе си дозволам малку несериозност, ако се сеќавате на вицот за еден ќебап и кило сол. Може да се случи некој да купува чачкалица, а уз тоа да добие хартија за пакување на таа чачкалица како што не одговара и на тој начин да се врши предавање промет со производи. Во' таа смисла е дадено да одговара на тежината на спакуваните производи и сметам дека воопшто не е нејасно, разбирливо е и не е во спротивност на суштината на членот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Поповски бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас мислам дека амандманот има многу содржина, многу голема смисла затоа што по ваквата логика на законот се дава во прометот на мало на продавачите законска можност на пример ако продава 10 кгр. шајки, кога сме веќе несериозни, сме, бар 500 гр. да им дадеме опаковка, бидејќи ќе биде соодветно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор. (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. 43 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање. (18)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 41 точка 6 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 14 во новата точка 6-а поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Молам Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. "За" гласаа 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 1 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на новиот член 32-6 став 2 и 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на новиот член 32-в став 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

(Пратеникот го повлекува амандманот)

Отворам претрес по амандманот на член 42 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 44 точка 4, 10 и 14 поднесен од пратеникот Ване Наумов.

Пратеникот амандманот го повлекува.

Пратениците Александар Гештаковски и Туше Гошев поднесоа амандмани на членовите 26 став 1 и 27 став 1 и член 29 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на членовите 2 6 став 1, и 27 став 1 поднесени од пратениците Александар Гештаковски и Туше Гошев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

И двата амандмани се прифаќаат. Ова е во склад со оние ставови за усогласување на член 26, 27 и 29 согласно ингеренциите што се дадени на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И двата амандмана.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е амандманот на член 29 што е сега поделен поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Туше Гошев.
продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

70 пратеници гласаа "за".

Дали е некој против. (Не)

Дали некој се воздржува од гласање. (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за трговија.

Минуваме на **точка 5** - Предлог на закон за угостителската и туристичката дејност.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, Кој бара збор?

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Со воспоставување на Македонија како суверена Европска држава потребно е да се пристапи кон изградба на нејзин нов идентитет на македонскиот туризам, а со тоа да се репозиционира Македонија на меѓународната туристичка карта. Тоа значи определување на стратегија спрема наследената и нова политика во туризмот Која во компарација со другите стопански сектори е во поповолна стратешка позиција. Туристичкиот производ не е потребно да се менува, не е потребно ниту да се менува ниту да се унапредува со активен однос кон пазарот.

Денеска треба да се донесе законот за угостителско - туристичка дејност. Се заговара правилник за минимум услови и категоризација на туристичката понуда, правилник за минимални услови за вршење на

дејност во туристичкото посредување, закон за основање на национална туристичка организација, а сето тоа значи заокружување на законската регулатива за непречено успешно работење на туристичкото стопанство.

Туризмот како масовно движење на луѓе и како најдисперзирана појава битно поврзан со користење на просторот и комуницирањето на различни луѓе во средина со различни структури, погледи на свет и нивни поставувања, појави кои мора постојано да се пратат и се во зависност од интересот на туристичката побарувачка, мора соодветно да се нормираат.

Валоризацијата на сите ресурси во туризмот, прво природни потоа изведени и кадровски можно е само ни постојано унапредување на квалитетот на туристичката услуга. Па во тој правец потребна е изработка на единствена категоризација и класификација на туристичките објекти и нивна универзална примена во туристичкото стопанство. Со тоа би се избегнале многу непријатности и во ланецот на давателите на туристички услуги и на оние кои што примаат такви услуги. Сигурно на тој начин би се одбегнале и материјалните основи за квалитет на туристичката услуга.

Од друга страна, нивото на квалитетот и односот гостинтуристички работник како надградба би се подобрил. Сигурно при катеригоризација на објекти би било непотребно да ја оценуваат само луѓе од посочените министерства, потребно е поширок однос и потреба на луѓе од научно стручни институции.

Предлогот за бришење на член 6 Кој што го нуди Владата во свој амандман може да значи и намалување на регулативата во определувањето на почетокот и завршувањето на работното време во угостителството и туризмот, но и со тој предлог закон станува поконзистентен а посебниот правилник ако така се оствари што може да

го донесе Министерот за стопанство ќе биде поприменлив во туристичката побарувачка во различити средини и пофлексибилен. А тоа значи можност за едно степенасто работно време и различен приод во таа регулатива.

Во општите определби, одредби каде што после член 7 Владата интервенира со амандман за нов член 8 со Кој се формира дирекција за туризам Која ќе ја носи туристичката политика и ќе ја прати нејзината реализација што сметам ако вака се размислува ќе имаме конзистентна туристичка политика. Но, се поставува едно по суштествено прашање, зошто Владата и самото Министерство за стопанство не реагира слично за формирање на национална туристичка организација. Со тоа би се продолжиле неопходните активности на туристичкиот сојуз бидејќи преставува најпогодна и најевтина туристичка организација по примерите во Франција, Шпанија, Австрија и други западни земји. Тоа се туристички друштва, сојузи кои што имаат функција на организирање и координирање на активностите на угостителството, трговијата сообраќајот, културата и на сите други сегменти од живеењето кои се во функција на туристичката политика,т.е. во функција на самите туристи.

Националната туристичка организација би се основала како интересна организација на сите правни и физички лица во обласла на угостителството и туризмот за остварување и поттикнување на идентитетот и угледот на туризмот, подигнување на квалитетот на туристичката понуда, создавање концепција за негово промовирање и извршување на промотивни активности во земјата и странство, а сето тоа од заеднички интерес за сите субјекти во туризмот.

Очигледно ова претставува една случајна замена на улогите кои во такви услови тешко се одигруваат. Меѓутоа правилното функционирање и унапредување на туристичката дејност нема да биде возможно сите

учесници во туризмот на сите нивоа вклучувајќи ги тука и носителите на туристичката и деловна политика не се организираат во единствен организационен систем во Кој ќе бидат координирани сите сили и односите меѓу нив а посебно во однос на потенцијалната побарувачка и потрошувачка. Тоа значи дека секој во тој организационен систем треба да го знае своето место и улога. Самото функционирање треба да биде добро организирано во таа област со најголема одговорност кон носителите на туристичката политика. Може да се очекува спроведување на сите мерки а со тоа и висок степен на реализација на поставените задачи.

Во третото подглавје за туристичката дејност каде станува збор за туристичките водичи а во Републиката ги има 145 регистрирани, а нема ниту еден професионален водич, сигурно е прашање на себе. Меѓутоа, состојбите се менуваат во полза на туризмот, расте понудата, побарувачката, се развиваат и услугите, а со тоа и потребите и угледот на професијата туристички водич.

Во член 32 од предложениот закон се вели дека туристичкиот водич мора да има најмалку средна стручна подготовка и положен стручен испит за туристички водич.- Станува дискутабилно минимумот стручно образование и дали не треба да се менува степенот на образование.

Во завршните одредби се предлага усогласувањето на овој закон да биде од 6 месеци. Владата предлага 18 месеци, но реално можно усогласување најкратко е можно за 2 години од причини што се менува цела концепција на работа. Сите пратечки документи добиваат нова физиономија, пропагандни материјали нам ни се влечкаат и од бивша Југославија, а камоли нови со ѕвездички со имиња со категоризација итн. сите хотелски документи и други работи, а сето тоа бара додатни финансиски средства. Но едно е основно што не може во пократок рок да

се изврши класификација и стандардизација на објек-ите во угостителството и туризмот.

Благодарам.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратени, во врска со текстот на Предлогот на законот за угостителска и туристичка дејност Комисијата за стопанство има спротивно гледиште од пратеникот што го изнесе во оваа прилика со едно длабоко уверување дека во овој закон мора да биде содржано решение кое ќе го регулира прашањето на работното време во овие институции, односно организации од повеќе причини, бидејќи реков во интерес на времето, имајќи ги во предвид пред се пазарните критериуми кои треба да постојат и кои треба да функционираат и во делот на оваа проблематика мора да бидат долгорочни решенија, мора да бидат квалитетни и содржани и секој оној Кој ќе биде заинтересиран да вложува капитал мора однапред да ги познава и условите на кое место и под кои услови може некој објект да се користи, изнајмува итн. Затоа и како Комисија за стопанство предложивме нешто да биде предмет на усогласување између министрите за стопанство и финансии оваа материја да биде со посебен член при што е предложен член 8-а од Комисијата да биде содржано како решение во законот што е денеска предмет на расправа.

Мислам дека еден таков предлог од страна на Комисијата уште еднаш потенцирам, во интерес на времето, би се оградил, до колку има потреба да се обезбеди додатно образложени ние сме подготвени, а и текстот ви е презентиран, добро би било да се погледа извештајот и да се сфати целата суштина на предлогот, односно на: мислењето на Комисијата за стопанство.

Благодарам.

VII/10

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Не е реплика, не е додатно размислување, туку додатно објаснување. Членот 6 Кој што квалитетно го подобрува законот без обврски во него да стои работното време во правилникот за организација на угостителство и туризам односно работно време е целосно преземен и тогаш нема проблеми за негово поинакво размислување дека е тој, го симнува пратеникот Трипуновски од дневен ред за да има некоја конкуренција во однос на флексибилност и должината на работното време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Петковски процедурално.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пред да поминеме на амандманска расправа барам пауза од 30 минути во име на пратеничката на СДС за дополнителна консултација по амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 30 минути.

(паузата започна во 13,15 часот)

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Во тек е општиот претрес.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесен амандмани за додавање нов член 8 и за пренумерација на членовите од 8 до 50 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандмани на член 40 став 1 и 2', член 41 став 1 , 2 и 4 ) член 42 став 1 и 2 и на член 43 став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закот.

Владата на РМ поднесе амандмани за додавање 3 нови члена по членот 5, членот 41 за додавање нова точка пред точката 1 , член 45 и за пренумерација на членовите од 6 до 50 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандман за бришење на член 6 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандман на член 5 за додавање нов став по ставот 2 за додавање нов член 5-а и на член 40, став 1 точка 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 5, новиот член 8;     21 став 1, 3 и 4 и 36 став 2, на член 7, член 33 став 4 на член 40 став 2 и на член 41 став 2, со Кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Персида Малинска поднесе амандман на член 37 и 38 став 3, со Кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија повлече дел од амандманот Кој се однесува на член 41 став 1 точка 5.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани за внесување нов член 8-а, член 41, член 43, став 1 и на член 45 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на закон.

Пратениците Мирко Трипуноски, Јован Лазаров и Блаже Филиповски поднесоа амандмани за додавање нов член 6, за додавање на нов член 8, на член 23 и на член 45, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандман на член 11 став 2 со Кој се согласил претставникот на Владата и Кој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандмани за бришење на амандманот на Владата со Кој се брише член б став 2 точка 2.2 и на член 6 став 2 точка 2.3. и истите ги повлече.

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандман за внесува- н>е на нов член 8-а по Кој Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Сиљановски, Јане Ангеловски, Димитрие Вревезовски, Јован Николов, Пецо Стојановски,Милчо Трајков, Алил Џаферовски, Јордан Божиновски и Рубинчо Белчевски поднесоа амандман на новиот член 8-а став 1 по Кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 6, поднесен од пратениците Мирко Трипуноски Јован Лазаров и Блаже Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Ристо Иванов министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Со овој член се предвидува зголемувањето на бројот на членовите во Комисијата од 3 на 5 . Меѓутоа, овој амандман не можеме да го прифатиме од следните причини:

При изготвувањето на Правилникот како се врши категоризација и стандардизација на угостителските објекти се прибавува стручно мислење од луѓе кои се бават со оваа област. Значи, најбитно во овој дел е при утврдувањето на правилникот да биде јасен начинот како се категоризираат угостителските објекти. Самата категоризација се врши на терен врз основа на тој правилник и исклучиво се применуваат одредбите од Правилникот. Се работи за оперативни комисии и затоа сметаме дека нема потреба да се проширува нивниот број.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Мирко Трипуноски.

**МИРКО ТРИПУНОСКИ:**

Јас се извинувам што задоцнив, но ја сфатив суштината. Предлогот на Министерството за стопанство е да нема комисија за категоризација, предлогот на Владата е да има со три члена од Министерството за стопанство, Министерството за здравство и социјална политика, но сметам дека ако тие луѓе всушност овие институции, вторите две ги исклучуваме, каде што не спаѓа регулатива, зошто на друг да му прават регулатива.

Второ, сметам дека, - тоа е објаснето во член 7, постојниот, каде што кажува дека општествени исхрани, здравство, амбуланти и др. кои даваат услуги за исхрана не подлежат на овие прописи.

Ми се чини дека со размислувањата дека не треба да се усвои овој амандман се греши. Не може да бидат најстручните луѓе и луѓе кои ја знаат проблематиката токму во овие министерства. Не пред- лагам многу повеќе туку двајца, Комисијата да брои наместо три пет члена. Тие плус два члена да бидат од институции кои се бават со угостителство и

туризам, научни, стручни, какви сакате можете да ги наречете. Сигурно тоа е суштината за правилна категоризација и реална.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Единаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 6 поднесен од пратениците Мирко Трипуновски, Јован Лазаров и Блаже Филиповски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8 поднесен од пратениците Мирко Трипуноски, Јован Лазаров и Блаже

**ФИЛИПОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Ристо Иванов , министер за стопанство .

**РИСТО ИВАНОВ:**

Со предлогот Кој е даден во амандманите на Владата за формирање на дирекција всушност целта беше да постои една таква организација и структура како дирекцијата за извршување на овие работи што овде се предложени односно организирање, координирање на активности, во областа на туризмот, а со овој амандман Кој овде се предлага не се знае Која би била таа национална туристичка организација, би требало да се утврдува постапка како да се избира таа национална туристичка организација. Затоа, сметаме дека многу пооперативно и многу подобро е со предлогот Кој е даден за формирање дирекција за туризам. Затоа, овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Мирко Трипуноски.

VIII/5

**МИРКО ТРИПУНОСКИ:**

Јас сум сигурен дека сите амандмани ќе поминат вака и се размислував заедно со колегите, дали да одам на ова. Но, сериозно размислувам. Јас се согласувам со II дел на искажувањето дека треба да се размисли, пропис да се донесе, како со закон, што е тоа национална туристичка организација. Но предлогот за дирекција во туризмот, господа пратеници, е скап. Ако се формира дирекција во туризмот, треба да се формираат уште 33 мали дирекции. А имаме постојани сојузи и друштва во општините! Министерот знае дека во Гевгелија добро работи Туристичко друштво кое ги остварува овие работи. Ако правиме дуплирање, тогаш ќе имаме проблеми. А сигурно, јас и пред малку во дискусијата кажав дека дирекцијата би било добро да носи политика и да ја надгледува т.е. да врши надзор, бидејќи единствено е оспособена за носење на таква политика покрај тоа што Владата треба да ја насочува во Кој правец да се движи. А оваа национална туристичка организација би била подеднаква и за правните и за физичките лица, би се конституирала на тој начин што ќе ги остварува и поттикнува идентитетот и имиџот на овој туризам Кој што треба да биде во нашата земја.

Сметам дека, ако не е прифатливо денес, бидејќи министерот кажа дека не го прифаќа но иоле нека живее една идеја во Која има понапредни мисли, во Која има посодржајно и пореално разгледување и посодржинско за односот на туристичкото стопанство. Јас не случајно кажувам дека се наоѓа во подобра позиција од сите други стопанства и не му треба големо преструктуирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Единаесет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нов член 8 поднесен од пратениците Мирко Трипуноски, Јован Лазаров и Блаже Филиповски.

Отворам претрес по амандманот на новиот член 8-а став 1 поднесен од пратениците Благоја Силјановски, Јане Ангеловски, Димитрие Вревезовски, Јован Николов, Пецо Стојановски, Милчо Трајков, Алил Џаферовски, Јордан Божиновски и Рубинчо Белчевски.

Господинот Благоја Силјановски бара збор.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Пратеничката група на СДС изврши консултации по амандманот во присуство на премиерот на Владата на РМ и Министерот за стопанство и по добиеното уверување дека Владата сериозно ќе ја разгледа иницијативата за одредување на седиште на новата дирекција за туризам во Охрид, се определивме амандманот да го повлечеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 8-а поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Во однос на овој амандман вчера се расправаше на Комисијата за стопанство и би сакал да појаснам. Со прифаќањето на овој амандман, сите да бидат како туристички места, тоа би важело во цела Македонија, затоа што во законот не постои градација што се подразбира под туристичко место. Со терминот езерски и планински места јасно се знае за кого се однесува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Г. Поповски

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека е прифатен соодветниот амандман Кој исто е формулиран од Комисијата за стопанство, само со една измена Која министерот не ја прифаќа, овој амандман го повлекувам, имајќи предвид дека веќе е прифатен од друг предлагач.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 23 поднесен од пратениците Мирко Трипуноски, Јован Лазаров и Блаже Филиповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Ристо Иванов, министер за стопанство.

Ова е амандман на членот 23, а потоа имате амандман на членот 45.

**МИРКО ТРИПУНОСКИ: (**од место)

Треба да стои член 32.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи кај вас тоа е грешка , тоа се однесува на членот 32. Во амандманот е грешка што е даден од пратениците. Затоа, ве молам бидејќи на друг текст вие сте гледале, посоветувале се.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Во однос на туристичкиот водич, имаше големи забелешки во делот зошто во овој закон се предлага и кои услови треба да се исполнат за туристичкиот водич. Во Владата сметаме дека тоа би требало да остане, но со овој амандман што се предлага се предлагаат поостри критериуми за да некој стекне можност односно положи испит за туристички водич. Се предлага наместо"стручна спрема"да биде виша стручна подготовка, сметаме дека не би требало да бидат зголемени

критериумите, затоа што навистина има луѓе кои инвестираат во јазик со средна стручна подготовка, не би требало да им се оневозможи да дојдат на испит, а сега ако не покажат знаење нема ни да добијат лиценца за туристички водич. Затоа, мислиме можноста да се пријават за туристички водич треба да биде поширока. Дали ќе ги исполнат условите да не биде на овој начин ограничено правото за пријавување.

Затоа, не го прифаќаме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23- на член 32-така велат тие, да се утврди точниот член, поднесен од пратениците Мирко Трипуноски, Јован Лазаров и Блаже Филиповски.

Отворам претрес по амандманот на член 45, поднесен од пратениците Мирко Трипуноски, Јован Лазаров и Блаже Филиповски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин. Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Ова е амандман во однос на времето за кое што би требало да се прилагодат работите во туризмот, согласно новиот закон. Се предлага наместо шест месеци да биде две години и овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се прифаќа амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Седумдесет и три пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржа од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за угостителската и туристичката дејност.

Преминуваме на шестата точка - Предлог за донесување на закон за таксата за привремен престој.

Предлогот за донесување на Законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, Кој бара збор?

За збор се јави г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, бидејќи ова е во прва фаза, Предлог за донесување на закон за такси за привремен престој, би било добро да се чујат поквалитетни и подобри размислувања за тоа за да се оформи Законот онака како што треба да се обликува.

Она, што посебно боде во очи е член 6 во дадениот Предлог- закон каде стои дека 50% од средствата од таксата ќе се пренаменуваат односно ќе се наплаќаат во касата на Буџетот на државата. Додека 50% од средствата ќе останат на локалната самоуправа.

Јас доаѓам од општина каде што нема некоја блискост со туристичка дејност, каде што не се бават и мислам дека ова треба да се размисли добро, бидејќи постојат разноразни видувања преку комисиите и преку дел од пратениците дали треба 2/3 да останат во касата на Буџетот, дали една третина треба да остане во локалната самоуправа. Она што се случи сега пред малку со уверување дека местото Охрид ќе биде и дирекцијата, не знам со едно уверување дали тоа ќе биде така, малку се запоставува внатрешноста и со овој потег Владата директно ги зема тие средства, кои треба да останат како наменски, строго наменски во општините во кои го развиваат туризмот. Тоа е општина Охрид, тука е општина Струга, тука е општина Берово, тука е општина Гостивар, Тетово, бидејќи имаме и летен и зимски туризам.

Државата треба да си најде средства и начин како да се публицира или како да се направи еден водич или ова како да се оформи. Земањето на средствата од дел на локалната самоуправа мислам дека нема да се решат битно проблемите, бидејќи и во член 8 лицата треба да уплаќаат во касата на Буџетот, а знаеме денарот кога ќе падне во касата на Буџетот тешко се вади. Добар дел од граѓаните не го делат ова мислење што го предлага Владата. Мислам дека не треба на она што и така останува малку како ќе се гради Охрид, треба да се задржи, да си остане 100%, касите да си останат во местата каде што се остваруваат. Бидејќи она што е дадено тука дека ќе. се направи накаков квалитет мислам и релевантна работа и релативно дека може нешто да се подобри. Имаме искуство дека државата има многу работи и дека многу време и простор не може да одвои. Мое видување и мислење е да се размисли малку подобро , да се конципира и дел од средствата, ако нешто треба да се прави поквалитетно, да се прави некоја национална или туристичка агенција или слично нешто, барем една третина од средствата да одат во оваа Агенција. Она другото да остане локалната самоуправа. Во текстот се ставени такси за привремен престој ќе плаќаат, добро, дадени се во германски марки, а и во долари, и мислам дека тоа треба да отпадне. Инаку, другото треба да помине со забелешка до Владата ако може да се вклопи барем една третина од средствата да одат во Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Непристојно е 3-4 пати да се излегува, но темата е битна. Прво, ми се чини дека направен е чекор напред туристичката такса да се извлече

од комуналната такса и сите татковци различито што размислуваат во неа, да се определи институција, орган или тело со кое ќе раководи со оваа туристичка такса. Меѓутоа, секогаш туристичката такса претставувала, иако мал товар кај посетителите на одредено туристичко место, но сепак била зошто туристичка такса. Дилема има, но, во однос на ова прашање мора да се валоризираат сите приодни изведени фактори, така различите вредности на иста тежина да не смеат да се оценуваат исто. На пример, Попова Шапка, а и Љуботен, Охрид и Дојран, Берово и Преспа, без претензии на моево размислување да биде применливо имаат иста туристичка такса за различито вредности. А со тоа за што станува збор? Дали треба да има туристичка такса или не. Но не станува проблемот дали да се наплатува туристичка такса или не. Зошто? Ако граѓанинот на ниеден начин во хотелската сметка кога престојува во одредено туристичко место не му пишуваме за потрошена електрична енергија за осветлување на градот, за капење во езерото, за скијање на планината и не знам што, станува збор, за едно друго посуштествено прашање. Станува збор, за ноќевањето како производ единствен во угостителството и туризмот, Кој што останува неоданочен. А негово оданочување за 1,5 до 2% од вредноста на хотелската сметка е соодветно валоризирање на таа туристичка такса на сите вредности, поединости во државата, природни изведени и кадровски. А, тоа зависи од висината на цената ќе биде висината на таксата, Која самото претпријатие ќе уплатува на сметката Која што е посочена. Бидејќи на тој начин тој трошок сигурно би бил поприфатлив за посетителите на овие туристички места.

IX/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Силјановски.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, ние денеска дискутираме за еден многу суштински момент, Кој во дел од јавноста не се сваќа никако поинаку, туку обид на државата да ја пикне рака- та во џебот на општините. Боравничката такса, како што некои ја викаат туристичка е изворен приход на собранијата на општините во Република Македонија и мислам дека тука не може многу многу да се дискутира.

Друго е прашањето, што пак ние во нашава држава, не успеавме да обезбедиме материјална подлога на обидите, за поинтензивна и поагресивна општа туристичка пропаганда. Ние срамежливо настапуваме на туристичките саеми, берзи, низ светот. Исто така срамежливи сме и како домаќини на нашата балканска, туристичка берза.

Кога реков дека ова е многу комплексно, многу сложено прашање мислев на некои други моменти.

Прво, ние се уште сме понесени од едно наше определуваше карактеристично за минатиот систем , за социјалистичкиот и во овој предлог одиме со двојни цени. Една е туристичка такса за домашните туристи, друга е за туристите од странство. Современиот туристички свет вакво двојство на цени не познава. Ниту во цените на пансионските и непансионските услуги, ниту пак во туристичката такса. Според тоа, би се залагал кога ќе се утврдува износот на туристичка такса, да се утврди единствено и за домашните и за странските туристи, затоа што на ова имаме најголеми реакции на туристичките оператори од светот.

IX/5.-

Второто прашање исто така е многу значајно како се рефлектира во праксата униформноста во креирањето на некоја политика. Јас не сакам да ве убедувам, меѓутоа, веројатно, ќе се сложите не е сосема сеедно туристичка такса наплатена за сместување во хотел Метропол кај нас во Охрид и во одморалиштето на Југохром - Ривиера. Не сакав да спомнам дека не е сеедно како ќе се наплати и во Кој износ туристичката такса во Охрид и во некој друг град во Република Македонија.

Исто така, мораме да се сложиме за една друга работа во креирањето на вкупната развојна политика во туризмот. Општините имаат свое место. Меѓутоа, со законската регулатива се оневозможени во тоа креирање да внесат и она што утре би значело нивни непосреден интерес. Пример, конкретен, ако е Охрид заинтересиран за ова лето да обезбеди што повеќе гости од странство, дозволете ни ние да го сториме она што треба да го стори државата, пошто таа не го прави, да ја симнеме туристичката такса воопшто да не постои за категоријата туристи, што ги бараме ни требаат да дојдат. Во спротивно ќе се однесува вака како што сега се однесуваме. Притисокот на угостителско -туристичките организации не можеме да го елиминираме, едноставно затоа што ние не сме моќни, не можеме да излеземе во пресрет на нивните барања.

Понатаму, кога се работи за оваа проблематика ние остануваме ем знаеме, ем неми сведоци на една појава што ја имаме во Република Македонија. Јас ќе ви спомнам пример од Охрид Кој е значаен во вкупниот обем на овие средства за 1994 година, процентот на наплата на туристичката такса е 8%. Ако Охрид во 1994 година, оствари 1 милион ноќевања и ако е просечно наплата на туристичка такса по една германска марка, би требало да имаме еден милион марки. Ние имавме 100 и нешто илјади марки. Има ли право општината  како оштетена

странка да бара од државата да и го надомести овој ненаплатен приход што сега и припаѓа. Ако ние се договориме дека ќе обезбедиме ефикасност во напатата на туристичката такса не е проблем дали таа ќе се дели како законска обврска или во рамки на спогодба некоја што ќе си ја потпишат општините со туристичката организација, Која што викаме дирекција што веќе ја формиравме, општините имаат непосреден интерес да здружуваат средства во организирањето на општата туристичка пропаганда. Ние тоа умесно го правиме. Меѓутоа, го правиме преку стопанската комора кога се организираме за настапите на туристичките саеми и берзи.

Сакам да з вршам со уште една работа, овде се спомнува износ половина германска марка за домашните и еден долар американски за странските туристи. Ако Владата не го прифати ова што е мое настојување за единствени износи на туристичката такса, тогаш да бидеме по објективни барем да ја спуштиме. Нека е половина германска марка, меѓутоа, не повеќе од една германска марка за странките туристи. Не прави неконкурентни на туристичките пазари. А, таму се соочуваме со се и сешто, а се враќаме вакви какви што се враќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, бидејќи тука се набројуваат и се наброја и Преспа како туристичко место, па да се обидам нешто да кажам во таа смисла. Сметам дека, дали има потреба, бидејќи се работи за предлог за донесување закон во оваа фаза и во овој момент на соодност на регулирање на односите меѓу локалната самоуправа и државата сметам дека има потреба, пред се, бидејќи прави еден чекор во регулирање на комуналната такса односно туристичката  такса. Досега оваа давачка

беше пропишана со законот за комунални такси а овој закон е издвојуван и што е најбитното со овој закон се воведува една строго наменска потреба на тој дел, Кој ќе служи за развој на туризмот во оние делови каде што се собира. Сметам дека тој дел придонесува и во склоп со законот за угостителска туристичка дејност и дирекцијата почнуваме да му даваме едно вистинско место на оваа стопанска област. Тоа е првиот дел.

Вториот дел, бидејќи се работи за предлог за донесување на закон, одредени сугестии предлагачите би требало да ги сфатат сериозно, се искажани овде и кои во втората фаза од Предлог законот би требало да бидат елаборирани. Содржината во тој дел, односите и начинот Кој е регулиран, мислам дека се битни одредени односи, пред се тука односот Кој навлегува, и претходниот дискутант Кој зборуваше, бидејќи туристичката такса досега, согласно законот за буџетот, беше изворен приход на општината. Целосно, 100%. Многу треба да се размислува, бидејќи е појдовна оваа основа 50 со 50%, тој дел би требало а се подели така што да ја извршува оваа основна функција. Кој дел ќе ја земе државата во туристичка пропаганда и слично на тоа што значи туризам, и угостителство, а Кој дел ќе им се остави на општините, за кои вели и законот, а тоа е со своја програма да го регулираат тој дел. Тука, во тој дел е и оној другиот дел Кој го загатна за Охрид претседателот, односно пратеникот Благоја Силјаноски и односите кои ги регулира овој закон, односите на прибирање на таа туристичка такса.

Решенијата кои што се нудат во содржината сметам не доведуваат до правилно и ефикасно собирање и употреба. Зошто? се регулира дека туристичката такса ја наплаќаат организациите кои ја собираат и тие се должни да ги уплатат во Буџетот на Републиката, а Буџетот на

Републиката пак повторно по клуч или врз основа на тоа да ги врати во општините. Тука би требало да се понудат решенија кои ќе бидат ефикасни. Доколку општината не ги наплати односно организацијата Која ги прибира од гостите и луѓето коиноќеваат, пазаришната инспекција носи решение, ги задолжува, па потоа мислам дека тие решенија, наместо оној Кој не уплаќа да биде казнет и да му бидат одземени од сметката ние во една управна постапка ги задолжуваме со пари кои се наменски на други субјекти им даваме овластување. Тука мислам во тој дел недостасуваат деловите на решенија на локалната самоуправа. Доколку се изворни приходи, бидејќи ќе кажам, доколку не се измени законот за буџетот, овој закон и во втора фаза не би можело паралелно да одат со Законот за буџет, и во тој дел треба да ги видиме кои се овластувањата во тој сооднос на употреба на туристичката такса. Треба да се дадат можности доколку се изворни приходи на општината, бидејќи Законот за локална самоуправа ќе има свои органи, таа како добар газда, бидејќи од нив живее, да си најде свои методи на прибирање. Кои органи ќе се во општината и во Кој износ зависи од секоја општина посебно. Тука е делот што зборуваше и претходниот дискутант треба одредена флексибилност за развој на туризмот, што сметам овие односи да се регулираат:во фиксноста за износот на комуналните такси. Во некои општини мислам дека би требало да има од до, бидејќи порано така се пишувало одредена општина има сбој интерес, да има помала такса, бидејќи нејзин е приходот. Со своја програма на локалната самоуправа се регулира дека за таа буџетска година толку пари. Толку пари програмираат, а и толку пари ќе ги соберат. Мислам дека и во тој дел многу е битно да се дадат одредени флексибилности и за остварување на функцијата на овој дел на комуналната такса на Кој сигурно му даваме

значење извлекувајќи го од другите делови и на таксите кои се приходи на државата или на Републиката. Сметам дека овие укажувања кои беа со едно сериозно согледување, би можеле да донесеме еден добар закон Кој ќе претставува основа со претходниот закон за развивање на дејноста Која е многу битна и важна за остварување на девизниот прилив и девизните биланси на нашава држава, а тоа е развој на Македонија во склоп со целокупната стратегија на развој на туризмот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за таксата за привремен престој^,

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и искажаните мислења и укажувања на денешната седница.

Трето, овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенограмот од денешната седница по оваа точка да се достави до владата на Република Македонија и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

76 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.
